**ЗАПИСНИК**
**од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 23.02.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Христена Антовска Јованчева од Центар за европски стратегии - Евротинг.

Г-дин Петрушевски, ја отвори 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:15 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, во врска со Точката 3, рече дека таа во себе содржи осум потточки, односно предлог-решенија за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола и тоа на: Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ Битола, ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, ТРД за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, ТРД ХДТВ МЕГА ДООЕЛ Скопје, ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, ТРД КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес, ТРД К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово и Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје. Во врска со Точката 4, објасни дека во неа е содржана една потточка која се однесува на предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје бр.08-17 од 05.01.2015 година.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.02.2017 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување на ТРД Б-97 ДООЕЛ Битола.
3. Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола за радио емитување.
4. Предлози за донесување одлуки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.02.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, во врска со предлогот за покренување на постапка за одземање на дозвола за радио емитување на ТРД Б-97 ДООЕЛ Битола, објасни дека во рокот од 30 дена наведениот радиодифузер го нема платено надоместокот за дозвола и од таа причина се предлага покренување на постапка.

Г-дин Петрушевски, објасни дека ова претставува стандардна постапка согласно законот, која се применуваше и за другите радиодифузери а сега и за овој медиум, заради прекршување на член од ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-83 од 22.02.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-908/1 од 20.02.2017 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски, во врска со осумте предлог-решенија за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување, објасни дека во дополнителниот период од 15 дена кога се покренати постапките за одземање на дозволата, сите наведени радиодифузери во целост го платиле надоместокот. Од таа причина му се предлага на Советот истите да се запрат.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-56 од 22.02.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ Битола, бр.08-89 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 16.723,00

(шеснаесетилјадииседумстотиниидваесетитри) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-49 од 22.02.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, бр.08-102 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 18.623,00 (осумнаесетилјадиишестотиниидваесетитри) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-63 од 22.02.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, бр.08-23 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 303.306,00 (тристаитриилјадиитристаишест) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-65 од 22.02.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ХДТВ МЕГА ДООЕЛ Скопје, бр.08-29 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 501.328,00 (петстотиниеднаилјадаитристадваесетиосум) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување во износ од 501.328,00 (петстотиниеднаилјадаитристаидваесетиосум) денари го исплати во целост.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-42 од 22.02.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.08-66 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 729.920,00 (седумстотиниидваесетидеветилјадиидеветстотиниидваесет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување во износ од 729.920,00 (седумстотиниидваесетидеветилјадиидеветстотиниидваесет) денари го плати во целост.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-51 од 23.02.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес, бр.08-20 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 259.916,00 (двестепедесетидеветилјадиидеветстотиниишеснаесет) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-47 од 23.02.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово, бр.08-21 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 288.901,00 (двестеосумдесети осумилјадиидеветстотинииеден) денар со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-43 од 23.02.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 932.614,00 (деветстотинитриесетидвеилјадиишестотиниичетиринаесет) денари за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски, во врска со точката образложи дека и во дополнителните 15 дена ТВ Скопје не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување. Објасни дека од разговорот со директорот на телевизијата, бил информиран дека тие ќе вложат максимални напори во следните 30 дена да го уплатат износот и преку управна постапка да им биде вратена дозволата. Се надева дека ќе дојдат до потребните финансиски средства за да може преку тужба до управен суд медиумот да си ја врати дозволата.

Г-дин Петрушевски, рече дека ТВ Скопје споредбено има многу слична програмска содржина како со телевизија на државно ниво. Посочи дека деловна одлука е на медиумот како понатаму ќе продолжи, но како и да одлучи Советот тоа ќе го поддржи.

Г-дин Фетаи, праша дали ТВ Скопје го нема платено целокупниот износ, на што му беше одговорено дека токму за тоа станува збор, дека ТВ Скопје воопшто не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-39 од 23.02.2017 година и едногласно донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, бр.08-17 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-678/1 од 06.02.2017 година, со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија“, на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-939/12
27.02 **2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**